Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 126/0306
10.07 20 26 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на јавна седница одржана на 02.07.2026 година, врз основа на примена жалба од **Петар Котевски,** ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

Во текстот на интернет порталот-онлајн медиумот Апла.мк (apla.mk) со наслов **„Саботажа" во ИЗ „Жабени“ ден пред посетата на премиерот Мицкоски,** објавен на 15.06.2026 г. на веб сајтот на медиумот  нема отстапување од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот Петар Котевски до СЕММ на 17.06.2026 г., упати жалба за текстот на интернет порталот-онлајн медиумот Апла.мк (apla.mk) со наслов „Саботажа" во ИЗ „Жабени“ ден пред посетата на премиерот Мицкоски, објавен на 15.06.2026 г. на веб сајтот на медиумот - при што се жали на „пристрасност и неурамнотеженост во информирањето“.

Во жалбата, меѓу другото, попрецизно пишува дека се жали на сензационализам: „Директна повреда на членот 8 од Кодексот на новинарите на Македонија, објавен на вашата страница. Новинарот известува за потенцијална судска постапка со фабрикувани сензационализми кои не постојат во известието што го изворно го пренесува.“

Во поширокиот допис до СЕММ жалителот претставува и барање за извинување, именувано како “демант“ до авторот на текстот Анета Блажевска во кој тврди дека медиумот измислил саботажа во индустриската зона за која што пишува, бидејќи го надградил соопштението од самата индустриска зона. Жалителот појаснува и дека демантот не можел да и го достави на авторката бидејќи електронски упатениот документ му се враќал со образложение дека меил адресата на медиумот покажувало дека е преполна, а кога заѕвонил на вратата на адресата на медиумот никој не му отворил, по што добил пријава до МВР за вознемирување, а потоа и за демнење. Од тука, тој се жали и на повреде на членот 3 од Кодексот за необјавување на извинување и демант.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот и линкот од објавата), како и пошироко образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ беше доставен одговор од медиумот во кој се отфрлаат наводите од жалбата и меѓу другото се наведува:

...„Лицето Петар Котевски се што наведува во претставката го отфрлам како неточно. Лицето Петар Котевски и неговиот татко се осомничените за влегување во прочистителната станица во ИЗ Жабени, вечерта пред посетата на премиерот Мицкоски (отворање на ова фабрика во зоната), лично ми се јави Петар на телефон и ми кажа, при тоа беше агресивен

кон мене, кажа дека отишол да ја подигне свеста за чиста животна средина (во недела навечер).

Јас му кажав дека е соопштение од ИЗ Жабени и дека ако сака нека напише демант ќе објавам. Тогаш почна мене да ми се заканува.

Но, во вторникот, еден ден подоцна и МВР Битола излезе со соопштение дека се трага по непознат сторител што оштетил мотор на пумпа од прочистителната станица, што значи го потврди соопштението на ИЗ Жабени. Информацијата од СВР Петар Котевски не ја оспоруваше туку продолжи мене да ме плука на неговиот ФБ профил и на профилот на АПЛА“...

Во одговорот на медиумот потпишан од авторката на текстот Анета Блажевска, се појаснува и дека жалителот постојано ја следел по што два пати го има пријавено за демнење и до МВР и до ОЈО. Покрај ова до СЕММ се доставени скрнишоти од објави на жалителот на неговата Фејсбук страница.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека во текстот на интернет порталот-онлајн медиум Апла.мк (apla.mk) со наслов „Саботажа" во ИЗ „Жабени“ ден пред посетата на премиерот Мицкоски, објавен на 15.06.2026 г. на веб сајтот на медиумот нема отстапување од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за вест која се базира врз соопштение на индустриска зона за движење на две непознати лица во близина на пречистителната станица за вода во зоната – тема од јавен интерес.

Комисијата го оценуваше текстот на медиумот првенствено од етички аспект во однос на членовите на Кодексот на новинарите на Македонија, како и на соодветните одредби за овие членови од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите од СЕММ, при што утврди дека не постои прекршување.

Бидејќи жалбата се однесува на насловот и воведот на текстот, за кои жалителот тврди дека содржат редакциски интерпретации што не произлегуваат од официјалното соопштение, особено употребата на зборот „саботажа“ и необјавениот демант, Комисијата првенствено ги анализираше овие два елементи од жалбата, а не сите други пропратни информации и на жалителот и на одговорот од медиумот, кои зборуваат за персонални нетрпеливости и кавги помеѓу двете страни во случајот. Комисијата, попрецизно, утврдуваше дали насловот и воведот отишле подалеку од фактите (член 1, 8 или 13 од

Кодексот) или заедно со деталите околу необјавениот демант (член 3 од Кодексот), медиумот сепак не ги почитувал основните етички и професионални стандарди при известувањето.

Комисијата со мнозинство гласови заклучи дека употребата на терминот „саботажа“, иако може да звучи сензационалистички, не е доволна основа за утврдување на повреда на Кодексот на новинарите на Македонија. Според доминантиот став во Комисијата, станува збор за редакциска интерпретација изградена врз доволен број фактички елементи дадени во соопштението на индустриската зона. Притоа беше подвлечено дека терминот е употребен во наводници, а наведувањето на фактот дека тоа се случило еден ден пред посетата на премиерот, претставува контекст на веста, а не некаква аналогија или тврдење за причинско-последична врска.

Дел од Комисијата пак, сметаше дека текстот е непрофесионално сработен и дека медиумот немал основа за уфрлање на зборот „саботажа“ во насловот и за наведувањето на посетата на премиерот во почетокот на веста, бидејќи тоа можело да се разбере од јавноста и како настан со политичка заднина.

Во делот на жалбата што се однесува на необјавување демант, Комисијата не утврди повреда на професионалните стандарди. Имено, жалителот не доставил барање за демант со кој се оспоруваат конкретни факти, податоци или наводи од објавениот текст, туку побарал извинување. Барањето за извинување не може да се смета за барање демант, па медиумот не бил обврзан да постапува.

Поради горенаведените аргументи Комисијата со мнозинство гласови на крајот заклучи дека нема повреда на членовите од Кодексот на новинари на Македонија или непочитување на некоја одредба од соодветните Насоки за етичко известување на онлјан медиумите на СЕММ.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата со мнозинство гласови одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Тамара Чаусидис, Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Жана Божиновска, Сефер Тахири и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Тамара Чаусидис

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595